**20240190473**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 5 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ И НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ НА ВОЗИЛАТА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.293/20, 114/23, 26/24, 33/24 и 219/24), по членот 4 во Глава III се додава нова точка 2.1 и нов член 4-а, кои гласат:

„2.1 Регистарска таблица за возила кои ги располагаат или ги користат државни органи, правни лица основани од државата или општините, општините во градот Скопје или градот Скопје, трговските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата.

Член 4 - а

(1) Регистарската таблица за возила кои ги располагаат или ги користат државни органи, правни лица основани од државата или општините, општините во градот Скопје или градот Скопје, трговските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата е изработена од метал прекриена со ретрорефлектирачка фолија во основна црвена боја на која со жолти букви и броеви е испишано: буквена ознака на регистрационото подрачје на латиница, регистарски број составен од четири броеви и променлива буквена ознака составена од две букви на латиница. Регистарската таблица содржи сино поле во кое во долниот дел со жолта боја е испишана националната авто ознака на Република Северна Македонија, а во горниот дел е оставен простор за ознаката на Европска Унија. Помеѓу буквената ознака на регистрационото подрачје и регистарскиот број на возилото е поставена црвена правоаголна подлога, на која со жолти букви се испишани буквената ознака на регистрационото подрачје и променливата буквена ознака, на кирилица. На горната, долната, левата и десната страна на регистарската таблица поставена е права жолта испакната линија со стандарден радиус на аглите (R 12).

(2) Формата и големината на регистарската таблица од ставот (1) на овој член, се дадени во Образецот бр. 1-а.

(3) Кога на задниот дел од возилото поради неговата конструкција не може да се прицврсти регистарската таблица дадена во Образецот бр.1-а, се прицврстува регистарската таблица дадена во Образецот бр. 2-а.

(4) Регистарската таблица за велосипед со помошен мотор и мопед во поглед на бојата и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член.

(5) Формата и големината на регистарската таблица од ставот (4) на овој член, се дадени во Образецот бр. 3-а.

(6) Регистарската таблица за мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл во поглед на бојата и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член.

(7) Формата и големината на регистарската таблица од ставот (6) на овој член, се дадени во Образецот бр. 4-а.

(8) Регистарската таблица за приклучни возила во поглед на формата, бојата, големината и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член, со тоа што за истата се определува со друг регистарски број.

(9) Регистарската таблица за трактор и приклучно возило за трактор во поглед на бојата и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член.

(10) Формата и големината на регистарската таблица од ставот (9) на овој член, се дадени во Образецот бр.19-а.

(11) Кога на задниот дел од возилото поради неговата конструкција не може да се прицврсти регистарската таблица дадена во Образецот бр. 19-а, се прицврстува регистарската таблица дадена во Образецот бр. 20-а.

(12) Регистарската таблица за приклучни возила за трактор во поглед на формата, бојата, големината и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член, со тоа што за истата се определува друг регистарски број.

(13) Регистарската таблица за мобилна машина и мотокултиватор во поглед на бојата и ознаките е идентична со регистарската таблица од ставот (1) на овој член.

(14) Формата и големината на регистарската таблица од ставот (13) на овој член, се дадени во Образецот бр. 21-а.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Бр. 13.1.1-8317/1
27 јануари 2025 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Ташковски**, с.р.

Образец бр.1 - а




Образец бр.2 - а



Образец бр.3 - а




Образец бр.4 - а



Образец бр. 19 - а




Образец бр. 20 - а



Образец бр. 21 - а

